Врз основа на член 86 став 1 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15 и 154/15) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.1.2016 година, издаде

# ЛИЦЕНЦА
## ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА ВО АВТОМАТ КЛУБ

1. На Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб во деловната просторија која се наоѓа на ул.„Иво Лола Рибар" бр.70Б во Скопје за период од шест години.

2. Во автомат клубот Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје ќе постави 18 автомати за игри на среќа на кои може да учествува еден учесник и 1 автомат за игри на среќа на кој истовремено можат да учествуваат повеќе учесници (електронски рулет).

3. Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

4. Доколку Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје не започне со приредување на игрите во рокот од точката 3, Владата на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата.

5. Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 39.375 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата, односно:

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на лиценцата;
- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на лиценцата;

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од четири години од денот на приемот на лиценцата;

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од пет години од денот на приемот на лиценцата и

- износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од шест години од денот на приемот на лиценцата.

6. Доколку Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје не плати 50% од надоместокот, односно не го плати износот од 39.375 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

7. Доколку Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје не ги плаќа годишните рати во износ од 6.562,5 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 5, Владата на Република Македонија ќе ја одземе лиценцата.

8. Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, на месечна основа.

9. Оваа лиценца да се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.

## Образложение

Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје до Министерството за финансии поднесе барање бр.13-16990/1 од 11.11.2015 година и дополнувања на барањето бр.13-16990/2 од 18.11.2015 година, бр.13-16990/3 од 19.11.2015 година, бр.13-16990/4 од 24.11.2015 година, бр.13-16990/5 од 25.11.2015 година, бр.13-16990/6 од 03.12.2015 година, бр.13-16990/7 од 04.12.2015 година, бр.13-16990/8 од 15.12.2015 година, бр.13-16990/9 од 23.12.2015 година и бр.13-16990/10 од 28.12.2015 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:

- тековна состојба со бр. 0805-50/150120150088173 од 22.12.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

- изјава за основање на друштвото од едно лице од 09.07.2015 година, анекс бр.1 кон изјава за основање на трговското друштво како ДООЕЛ од 17.08.2015 година, одлука за измена на Изјавата за основање на Друштвото со ограничена одговорност од 17.08.2015 година, изјава за основање на друштво од едно лице од 15.09.2015 година, одлука за намалување на основната главнина од 14.12.2015 година

и изјава за основање на друштво од едно лице од 14.12.2015 година донесени од сопственикот кој истовремено е и управител на Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС“ ДООЕЛ Скопје;

- правила за игри на среќа на автомати бр.25/2015 од 10.11.2015 година и правила за игри на среќа на електронски рулет бр.26/2015 од 10.11.2015 година, донесени од Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС“ ДООЕЛ Скопје;

- потврда бр.05-087709/15-0002 од 30.11.2015 година издадена од Царинска Управа на Република Македонија и уверение за платени даноци и придонеси бр.25-45/7777/2 од 06.11.2015 година;

- потврда од 11.11.2015 година издадена од Комерцијална банка АД Скопје;

- преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект заклучно со 19.11.2015 година издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија, заверено кај нотар Слободан Поповски под број УЗП 2953/2015 од 24.11.2015 година и потврда од 11.11.2015 година издадена од Комерцијална банка АД Скопје;

-информација за економско-финансиската состојба бр.0905-23/945 од 04.11.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-11/7640 од 04.11.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-11/7640 од 04.11.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120150074929 од 04.11.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120150074930 од 04.11.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;

-Извештај за проценка на вредност бр.03-124/2015 од 07.08.2015 година изработен од Друштвото за инженеринг, посредување, трговија и услуги „ТИМ МИЈА“ ДООЕЛ Тетово, имотен лист број 16161 под бр.1105-182499/2015 од 26.11.2015 година и имотен лист број 10537 под бр.1105-182494/2015 од 26.11.2015 година издадени од Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, договор за пренос на право на градба на градежно земјиште за изградба на станбено деловен објект (автомат клуб со хотел) заверено кај нотар Слободан Поповски под број УЗП 3104/2015 од 11.12.2015 година, договор за внесување на

непаричен влог (право на градење на градежно земјиште) заверено кај нотар Слободан Поповски под број УЗП 3104/2015 од 11.12.2015 година, извод за промените и состојбата на средствата на сметката на ден 02.09.2015 година од 22.12.2015 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје и извештај за проценка на влог за основна главнина на Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје;

- Програма за спречување перење пари и финансирање на тероризам бр.24/2015 од 10.11.2015 година донесена од Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје и мислење издадено од Управата за финансиско разузнавање бр.13-1/127(15) од 13.11.2015 година;

- договор за подарок склучен помеѓу Виолета Поповска и Огнен Поповски, договор за купопродажба на моторно возило од 04.12.2014 година склучен помеѓу Огнен Поповски и Виолета Поповска и картица за партија од 22.12.2015 година издадена од НЛБ Тутунска банка АД Скопје;

- решение бр.25-98-1/01150-13421/3 од 17.11.2015 година и записник бр.25-98-1/01150-13421/2 од 17.11.2015 година донесени од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и

- 19 уверенија издадени од Друштвото за услуги, испитување и анализа „Инстесер" ДОО Скопје како потврда за техничката исправност на поставените автомати.

Постапувајќи по поднесеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб има уплатено основна главнина во износ од 2.576.702,00 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија видно од тековната состојба под бр.0805-50/150120150076681 од 11.11.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија. Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје на 23.12.2015 година достави одлука за намалување на основната главнина од 14.12.2015 година согласно Законот за трговски друштва. Од одлуката се утврди дека намалувањето на основната главнина на друштвото ќе се изврши со враќање на делот од влогот на единствениот содружник во основни средства во вкупен износ од 5.000,00 евра. Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје има започнато постапка за намалување на основната главнина видно од тековната состојба под бр. 0805-50/150120150088173 од 22.12.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија.

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува на приредување на игри на среќа во автомат клуб, што произлегува од доставените правила за игри на среќа на автомати бр.25/2015 од 10.11.2015 година и правила за игри на среќа на електронски рулет бр.26/2015 од 10.11.2015 година, донесени од Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје, кои се во согласност со член 92 став 1 и 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Трговското друштво ги има подмирено јавните давачки по основ на даноци, царини и придонеси за задолжително социјално осигурување до месецот во кој е поднесено барањето, видно од потврдата бр.05-087709/15-0002 од 30.11.2015 година издадена од Царинска Управа на Република Македонија и уверение за платени даноци и придонеси бр.25-45/7777/2 од 06.11.2015 година.

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето, видно од потврдата од 11.11.2015 година издадена од Комерцијална банка АД Скопје.

Трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето видно од прегледот на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект заклучно со 19.11.2015 година издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија, заверено кај нотар Слободан Поповски под број УЗП 2953/2015 од 24.11.2015 година и потврдата од 11.11.2015 година издадена од Комерцијална банка АД Скопје;

Со доставената информација за економско - финансиската состојба бр.0905-23/945 од 04.11.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија се утврди дека друштвото е новоосновано и започнало со работа во месец јули 2015 година.

Од доставените потврди бр.0808-11/7640 од 04.11.2015 година, бр.0808-11/7640 од 04.11.2015 година, бр.0808-50/150120150074929 и бр.0808-50/150120150074930 од 04.11.2015 година издадени од Централниот регистар на Република Македонија, се утврди дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игрите на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игрите на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на дејност приредување на игрите на среќа и не му е изречена трајна забрана за вршење на дејност приредување на игрите на среќа.

Од изјавата за основање на друштво од едно лице од 14.12.2015 година (пречистен текст), донесена од содружникот на Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје се утврди дека средствата кои се внесени како основна главнина во друштвото во износ од 2.571.702,00 евра се состојат од влог во пари и права на содружникот. Од Извештајот за проценка на вредност бр.03-124/2015 од 07.08.2015 година изработен од Друштвото за инженеринг, посредување, трговија и услуги „ТИМ МИЈА" ДООЕЛ Тетово, имотен лист број 16161 под бр.1105-182499/2015 од 26.11.2015 година и имотен лист број 10537 под бр.1105-182494/2015 од 26.11.2015 година издадени од Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, договорот за пренос на право на градба на градежно земјиште за изградба на станбено деловен објект (автомат клуб со хотел) заверено кај нотар Слободан Поповски под број УЗП 3105/2015 од 11.12.2015 година, договорот за внесување на непаричен влог (право на градење на градежно земјиште) заверено кај нотар Слободан Поповски по број УЗП 3104/2015 од 11.12.2015 година се утврди дека потеклото на средствата кои се внесени како основна главнина во друштвото

во износ од 2.551.702,00 евра во денарска противвредност се состојат од влог од право што има имотна вредност како право на градење. Правото што има имотна вредност како право на градење се состои од: Елементи за проценка на деловните простории и дуќани во вредност од 678.713,00 евра во денарска противвредност, елементи за проценка на хотели, мотели и објекти за одмор и рекреација во вредност од 1.004.985,00 евра во денарска противвредност и елементи за проценка на стан во колективна станбена зграда во вредност од 868.004,00 евра во денарска противвредност. Од изводот за промените и состојбата на средствата на сметката на ден 02.09.2015 година од 22.12.2015 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје се утврди дека потеклото на средствата кои се внесени како основна главнина во друштвото во износ од 20.000,00 евра во денарска противвредност се состојат од влог од парични средства.

Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје на 23.12.2015 година донесе одлука за намалување на основната главнина од 14.12.2015 година согласно Законот за трговски друштва во износ од 5.000,00 евра во денарска противвредност, внесена како непаричен влог во основната главнина на друштвото. Од доставената тековна состојба под бр.0805-50/150120150088173 од 22.12.2015 година издадена од Централниот регистар на Република Македонија се утврди дека Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје има започнато постапка за намалување на основната главнина согласно донесената одлука.

Од доставеното мислење од Управата за финансиско разузнавање бр.13-1/127(15) од 13.11.2015 година по однос на Програмата за спречување перење пари и финансирање на тероризам бр.24/2015 од 10.11.2015 година од Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје, се утврдува дека Управата за финансиско разузнавање ја прифаќа Програмата.

Од договорот за подарок склучен помеѓу Виолета Поповска и Огнен Поповски, заверен кај нотар Кристина Костовска под број УЗП 4755/15 од 11.11.2015 година, договор за купопродажба на моторно возило од 04.12.2014 година склучен помеѓу Огнен Поповски и Виолета Поповска и картица за партија од 22.12.2015 година издадена од НЛБ Тутунска банка се утврди потеклото на паричните средства кои ќе се уплаќаат на име надоместок за добивање на лиценца.

Од доставеното решение бр.25-98-1/01150-13421/3 од 17.11.2015 година и записник бр.25-98-1/01150-13421/2 од 17.11.2015 година донесени од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје се утврди дека деловната просторија која се наоѓа на ул.„Иво Лола Рибар" бр.70Б во Скопје ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во автомат клуб.

Од доставените 19 уверенија издадени од Друштвото за услуги, испитување и анализа „Инстесер" ДОО Скопје се утврди дека поставените автомати во автомат клубот се технички исправни.

Согласно член 89 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите автомати, без оглед на тоа дали тие се сместени во една или повеќе деловни простории на приредувачот на игри на

ќа во автомат клуб, така што системот обезбедува податоци за уплатата и исплатата на секој од автоматите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи. Од доставеното мислење бр.22-6786/2 од 25.12.2015 година од Управата за јавни приходи-Генерална дирекција Скопје се утврди дека Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје има обезбедено надзорен информациски систем и е поврзано со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје, поради тоа што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 2 точка 23 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, („Службен весник на Република Македонија"бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15 и 154/15), игри на среќа во автомат клуб се игри кои се приредуваат на автомати, електронски рулети и други апарати со повеќенаменска улога и добивка („мултиплеер") и на системот на автоматите кој подразбира поврзување на поголем број автомати поради формирање на единствен џек пот со исти и истовремени можности на сите учесници во играта. Според точка 24 од истиот член, автомати за игри на среќа со повеќенаменска улога и добивка („мултиплеер") се механички, електронски или слични уреди на кои учесниците во игрите на среќа со уплата на одреден износ (жетон, метални пари или непосредна уплата на благајна, односно на автоматот) имаат можност за добивка.

Согласно член 25 став 1 точка 1 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Министерството за финансии постапува по поднесени барања за издавање на лиценци и дозволи за приредување на игри на среќа и за забавни игри. Според член 86 став 1 лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб се издава од страна на Владата на Република Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии во рок од 30 работни дена од денот на поднесувањето на барањето до Министерството за финансии.

Барање за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб согласно член 86 став 2 може да поднесе трговско друштво кое на денот на поднесување на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Во согласност со член 87 став 1, лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб се издава за период од шест години.

Според член 10 став 1, трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Доколку друштвото не започне со приредување на играта на среќа во наведениот рок, Владата на Република Македонија ќе му ја одземе лиценцата, поради што се одлучи како во точките 3 и 4 од диспозитивот на оваа лиценца.

Врз основа на член 87 став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за добивање на лиценца се плаќа надоместок во износ од 78.750 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата. Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа пропушти да го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 5, 6 и 7 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 94 став 1 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за приредување на игрите на среќа во автомат клуб приредувачот на игри на среќа плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ во сите автомати на тој приредувач и исплатениот износ од сите автомати, во сите деловни простории на приредувачот, на месечна основа, поради што се одлучи како во точката 8 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 12 од Законот, издадените лиценци за приредување на игри на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што се одлучи како во точката 9 од диспозитивот на оваа лиценца.

Со оглед на тоа што Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје достави комплетна документација, Министерството за финансии предлага Владата на Република Македонија да ја издаде лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за услуги „ПОКЕРФЕЈС" ДООЕЛ Скопје.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор, до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

Бр. 42-13573/1 -15
12 јануари 2016 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
м-р Владимир Пешевски